ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14-230/5**

**Дата: 24.03.2015**

**ДО**

**МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Македонска академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст МАНУ) - сметка на основен буџет (637) за 2013 година.

Ревизијата утврди дека има напредок во спроведувањето на дадените препораки од извршената ревизија за 2007 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи на Македонската академија на науките и уметностите - сметка на основен буџет ( 637), за 2007 година, изразено е мислење со резерва за финансиските извештаи, а за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции изразено е неповолно мислење.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2013 година и за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај МАНУ - сметка на основен буџет (637), за 2013 година ревизијата ги констатира следните состојби:

- воспоставените внатрешни контроли не обезбедуваат доволно ниво на сигурност за да спречат ризик од плаќање по некомплетна и не потврдена документација;
- при исплатата на средства по основ на извршена прекувремена работа и авторски хонорари за ангажирање на лица за извршување на административно технички работи во текот на цела 2013 година не се постапува на начин утврден со законската регулатива од областа;
- евидентирањето на обврските е неажурно и нецелосно;

- попис на паричните средства и обврските не е извршен;
- не е воспоставена целосна евиденција на материјалните средства, поради неутврдена вредност на земјиштето;
- исплатен е надомест на сите административни работници во Секретаријатот и стручни и научни единици на МАНУ за извршена административно техничка работа за потребите на НИУП, неколку пати во текот на годината како авторски надоместок, преку авторска агенција. За оваа намена се потрошени 1.656 илјади денари, односно МАНУ направила повеќе расходи во вкупен износ од 1071 илјади денари од обезбедените средства за оваа намена и
- утврдени се одредени слабости при спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки.

Во однос на наведеното, а со цел на надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки на надлежните органи.

Законскиот застапник на МАНУ на ден 09.03.2015 година достави одговор бр. 14-230/4 од 09.03.2015 година по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година за сметка на основен буџет (637), кој по својата содржина претставува известување за преземените мерки и активности за надминување на дел од утврдените состојби, кои се разгледани и соодветно обелоденети во Конечниот извештај.

**Вовед**

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна од 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на МАНУ - сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2013 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и издаден е извештај за финасиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на МАНУ, во кој за финансиските извештаи е искажано мислење со резерва, а за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е неповолно мислење.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Академик Владо Камбовски, претседател на МАНУ од 2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МАНУ се користени за

планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа:

- дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот.

Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.10. до 20.12.2014 година кај МАНУ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од 2007 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година. Со ревизија на преземените мерки по дадените препораки ревизијата констатира дека во МАНУ делумно се преземени мерки за имплементација на дадените препораки. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој извештај.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 23.12.2014 година.

Законскиот застапник на МАНУ на ден 09.03.2015 година достави одговор бр. 02-609/1 од 03.03.2015 година по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година за сметка на основен буџет (637).
Добиениот одговор по својата содржина преставува известување за преземените мерки и активности за надминување на дел од утврдените состојби по точките 41.1, 4.1.2, 4.2.2, 4.3.2, и 4.4.3 од Нацрт извештајот. Известувањата по точките 4.1.1., 4.2.2. и 4.3.2. се прифатени и соодветно се обелоденети во Конечниот извештај.

Текстот на одговорот по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на истиот се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поради нивното влијание на усогласување на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките, ревизијата го констатира следното:

- Согласно член 9 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во актите за внатрешна организација и систематизација на МАНУ, предвиден е Сектор за финансиски прашања надлежен за вршење на работите од областа на финансиското управување и контрола. Од систематизираните 5 пополнети се 4 работни места, од кои 3 во редовен работен однос, а местото самостоен референт - сметководител

е пополнето со лице ангажирано со договор на дело при што МАНУ нема назначено одговорен сметководител.
За надминување на наведената состојба во повеќе наврати барана е согласност од надлежното министерство за одобрување на финасиски средства за пополнување на непополнети или испразнети работни места при што не е добиена согласност.

- Претседателот на МАНУ има донесено Решенија за давање на генерални овластувања на овластени лица за преземање на финансиски обврски но во исто време тие лица се и овластени лица за плаќање. Постоечкиот начин на делегирање на одговорноста и овластувањата, укажува на не обезбедено разграничување и поделба на должностите утврдени согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (ЗЈВФК).

- Согласно член 7 од ЗЈВФК раководителот на субјектот е одговорен за воспоставување на процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и конторла, а во таа насока раководителот на Сектор за финасиски прашања е должен да изготви пишани процедури[1] од претходно наведената област. Во МАНУ донесено е Упатство за постапување при набавка на стоки и услуги и работи и при исплата на фактурите за извршените набавки, но истото не е во целост усогласено со законската и подзаконскита регулатива од областа на финансиското управување и конторла. Во наведеното Упатство недостасуваат јасно утврдени контролни активности и контролни механизми, како и поделба на должностите, односно не е предвидено, секоја активност да се верификува од меѓусебно независни лица. Согласно наведеното Упатство предвидено е следење на реализација на склучените договори за јавни набавки, но во пракса не се следи реализацијата на набавките по склучените договори во МАНУ.

- Во Правилникот за организација и систематизација на работни места во МАНУ предвидено е лице за вршење работи од областа на јавните набавки согласно член 29-а од ЗЈН. Ревизијата утврди дека ова работно место не е пополнето и обврските за вршење работи од областа на јавните набавки ги врши раководителот на Секторот за правни, стручно административни и општи работи, и има потврда за положен испит за вршење на работи од областа на ЈН.

Ревизијата констатира дека во МАНУ делумно се преземени потребните активности за имплементација на барањата на ЗЈВФК во функција на

[1] Член 6 став 1 од Правилник за начинот на спроведување на општите финансиски процеси (Службен весник на РМ бр. 147/2010, 34/2011).

воспоставување ефикасни контролни активности за справување со ризиците и намалување на ризикот од плаќање по некомплетна и не контролирана документација.

Во периодот на Забелешки по Нацрт извештај од страна на Претседателот на МАНУ доставено е барање и дополнување на барање до Министерство за финансии бр. 04-398/1 17.02.2015 година и бр. 04-398/2од 26.02.2015 година, за добивање на согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација на работен однос на неопределено време на лица ангажирани преку авторски договор/ договор на дело.

**Препорака:**

- Во функција на воспоставување на систем на интерни контроли, донесените пишани процедури да се ажурираат и да се обезбеди нивно целосно имплементирање.

- Да продолжат активностите за соодветно пополнување на упразнетите и непополнетите работните места согласно актот за организација систематизација и законската регулатива во РМ.

4.1.2. Со извршената ревизија на воспоставениот информациски систем, пропишаната организациона структура и системот на интерни контроли кои ги применува субјектот предмет на ревизија ги констатиравме следните состојби:

- Во Правилникот за систематизација и организација на работите во МАНУ има предвидено посебна организациона единица која се грижи за ИТ системот;
- Не е донесен стратешки план за развој на ИТ системот или акционен план за имплементација на ИТ системот;
- Не се пропишани политики и процедури за користење и пристап до ресурсите во информационите системи и
- Резервна копија на податоците од финансиско сметководствената евиденција не се прави на надворешна локација.

Ревизијата ги утврди следните состојби во делот на водењето на деловните книги:

- Нема распределба на надлежности во Апликациите за финансиско работење;
- При користењето на апликацијата за финансиско сметководство не се вградени одредени контроли за пристап до апликацијата и податоците, вработени не се најавуваат со посебен кориснички профил и лозинка и
- Податоците од финансиското работење од минати години се заклучени.

Отсуството на пишани политики и процедури и Стратешки план за развој на информацискиот систем претставува ризик дека управувањето со ИТ ресурсите нема да биде во согласност со приоритетите за развој на субјектот,

идентификување на ИТ можностите, капацитетите и човечките ресурси.

**Препорака:**

Надлежните лица да ги преземат следните активности:

- да се имплементира контрола за пристап до апликациите со дефинирани кориснички профили ;
- да се обезбеди распределба на надлежности во апликацијата за финансиско работење и

- да се донесе Стратегија за развој на информацискиот систем (да се имплементира централизиран информациски систем).

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Пресметката на плати во МАНУ се врши согласно Правилникот за плати, додатоците и надоместоците на плати. Со тестирања на исплатените плати ревизијата утврди дека на дел од вработените, во текот на 2013 година извршена е исплата во износ од 19 до 41 илјади денари за прекувремена работа, за што е исплатено 374 илјади денари. Исплатите за прекувремена работа се без налог од одговорното лице и без воспоставена евиденција за реално изработени прекувремени часови. Наведеното не е во согласност со член 18 од Правилникот за плати, како и член 117 став 5 од Законот за работни односи, каде е утврдено дека одговорното лице треба да води посебна евиденција за прекувремената работа, што создава ризик од нереално и необјективно користење на буџетските средства.

**Препорака:**

Надлежните лица да воспостават систем исплатата на прекувремената работа на вработените да се реализира врз основа на реално извршена работа.

4.2.2. Во 2013 година склучени се договори на дело за ангажирање на лица за извршување на работни задачи за административно технички работи за потребите на МАНУ во континуитет. За ангажираните лица од сметката на основен буџет исплатени се авторски хонорари во вкупен износ од 687 илјади денари што не е во согласност со одредбите од член 13 од Законот за работни односи, како и член 619 од Законот за облигациони односи. Ваквиот начин на ангажирање има за ефект неможност од остварување на правото од работен однос за лицата вработени по основ на договор на дело преку Авторска агенција.

**Препорака:**
При ангажирање лица за извршување на работни задачи за административно технички работи за потребите на МАНУ, да се постапува во согласност со Законот за работни односи.

## 4.3 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.3.1. Во МАНУ дел од фактурите за неплатени обврски во износ од 1.932 илјада денари не се сметководствено евидентирани заклучно со 31.12.2013 година. Од тие причини обврските спрема добавувачите во во Билансот на состојба не се реално и објективно прикажани што не е во согласност со член 7 од Закон за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба има за ефект помалку прикажани обврски на крајот на годината, спротивно со основните сметководствени начела за точно, вистинито, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции. Исто така, непостоењето на целосни и точни податоци за обврските има влијание врз реалните проценки во процесот на планирање на буџетските средства на МАНУ во наредниот период.

**Препорака:**
Надлежните лица од Сектор за финасиски прашања да воведат комплетна и целосна евиденција на обврските согласно законските прописи заради нивно точно прикажување во финансиските извештаи.

4.3.2. Ревизијата констатира дека МАНУ не ги применува одредбите од член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, кои се однесуваат на извршувањето на годишниот попис (инвентарисувањето) што има влијание на реалното и објективно прикажување на материјалните средства и изворите на средства во Биланс на состојба, поради следното:

- МАНУ се јавува како сопственик на земјиште со имотен лист кое не е сметководствено евидентирано поради неутврдена вредност на истото;
- Не е извршен попис на паричните средства;
- Не е извршен попис на обврските спрема добавувачите и не е утврдена правната основа за нивно постоење, како и старосна структура на истите;
- Спроведен е попис за книжниот фонд на Библиотеката во МАНУ заклучно со 31.12.2010 година. Констатираната состојба од пописната комисија не е сметководствено евидентирана во финасиските извештаи;

Ваквиот начин на постапување придонесува за постоење на ризик од нереално и необјективно прикажување на средствата и изворите на средствата и финансиски извештаи на ден 31.12.2013 година.

**Препорака:**

Одговорното лице во МАНУ да ги преземе следниве активности за надминување на слабостите при вршењето попис на постојаните средства н:

- да се изврши проценување на вредноста на земјиштето согласно законските прописи и пропишана методологија и негово воведување во деловните книги;
- да се изврши попис на паричните средства и обврските и
- да се изврши усогласување на фактичката со сметководствената вредност на книжниот фонд.

**Биланс на приходи и расходи**

4.4.3. Во 2013 година МАНУ има донесено Одлука за распределба на средства за финансирање на научно истражувачка дејност во која дел од предвидените активности се за извршување на научноистражувачки и уметнички проекти (НИУП) во вкупен износ од 5.850 илјади денари и за режиски трошоци кои се 10% од НИУП и се определени во износ од 585 илјади денари, врз основа на донесена Одлука за режиски трошоци[2].
Овие средства се користат за плати и надоместоци на вработените, за надомест на административно технички работници посебно ангажирани во рамки на НИУП, како и за други намени предвидени со посебна одлука на Извршниот одбор на Претседателството.
Ревизијата утврди дека извршена е исплата за режиски трошоци во износ од 1.656 илјади денари, кои се за 1.071 илјада денари повеќе од обезбедените средства за таа намена.

За надминување на утврдените состојби во тек е донесување на Правилник за критериумите и начинот на исплата на средства за режиски трошоци од научноистражувачките и уметнички проекти финансирани од сметка на основен буџет.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај, Извршниот одбор на Претседателството на МАНУ на 27.02.2015 година, има донесено Правилник за критериумите и начинот на исплата на средства од режиските трошоци од научноистражувачките и уметнички проекти финансирани од сметката на основен буџет со бр.02-578/1.

**Препорака:**

Одговорните лица да ги продолжат активностите за имплементација на новиот Правилник за критериумите и начинот на исплата на средства од режиски

[2] Член 6 став 1 од Правилник за начинот на спроведување на општите финансиски процеси (Службен весник на РМ бр. 147/2010, 34/2011).
а се издвојуваат 10% од научноистражувачки и уметнички проекти (НИУП) .

трошоци од научноистражувачките и уметнички проекти финансирани од сметка на основен буџет.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1. При увидот на начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2012 и 2013 година, по кои се преземени обврски во 2013 година, извршивме ревизија на постапките за јавни набавки, со што опфативме 64% од преземените обврски кои подлежат на Законот за јавни набавки, при што констатиравме одредени состојби кои се однесуваат на следното:

- Согласно член 26 од ЗЈН донесен е Годишен план за јавни набавки во 2013 година. Во текот на годината се јавува потреба за измени и дополнувања на планот. Донесени се одлуки за јавни набавки кои не се предвидени во планот, но при тоа не се извршени промени на планот.
- Извршени се набавки на принтери и климатизери спротивно од член 27 од ЗЈН, согласно кој договорниот орган не смее да врши делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, ниту пак да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање на пониска вредност од реалната проценета вредност на договорот, со цел да се избегне одредена постапка утврдена со овој закон.
- Склучена е рамковна спогодба за печатење на публикации за време на законски пропишаниот период на мирување. Имено согласно член 208 став 1 од ЗЈН, Договорниот орган не смее да го потпише договорот за јавна набавка и да пристапи кон негово извршување во рок од 12 дена, односно пет дена кај постапката со барање за прибирање на понуди, сметајќи од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право во постапката за доделување на договорот за јавна набавка.
- Рамковната спогодба склучена е со 5 носители на набавки, за печатење на публикации за период од две години (2012 и 2013). Ревизијата констатира дека извршено е печатење на монографија, без спроведување на постапка за ЈН во износ до 200 илјади денари. Исто така во износ од 284 илјади денари извршено е печатење на книга и каталози со еден од избраните носители на набавката, но не е постапено во согласност со членот 120, став 1 од ЗЈН, односно не е пристапено кон повторно прибирање на понуди од сите економски оператори од рамковната спогодба, согласно што понудите кои ги исполнуваат критериумите треба да бидат евалуирани и да се изврши е- аукција.
- Исто така ревизијата констатира дека извршени се плаќања за набавки за кои не се спроведени постапки за јавни набавки во вкупен износ од 1.476 илјади денари, кои се однесуваат на набавка на стручна

литература, изработка на вариолајт завеси и поштенски услуги. Оваа состојба создава ризик за нереално предвидување на вкупните потреби на набавки во текот на годината, со што се предизвикува неможност од успешна реализација на Планот за јавни набавки.

Плаќањата за набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка ги нарушува основните принципи на Законот за јавни набавки кој налага конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

**Препорака:**
Да се почитуваат во целост одредбите од Законот за јавни набавки во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2 ., 4.3. и 4.4. е:

- извршена исплата за прекувремена работа на вработените без воспоставена евиденција за реално изработени прекувремени часови;
- исплатени авторски хонорари за ангажирање лица за извршување на работни задачи за административно технички работи како одговорен сметководител, правни работи и слично во континуитет;
- нереално прикажани состојби на дел од билансните позиции и;
- слабости во процесот на јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките од 4.2. до 4.4., финасиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на сметката на основен буџет (637), на Македонската академија на науките и уметностите, на ден 31 декември 2013 година како и резултатите од финасиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи на Македонската академија на науките и уметностите - на сметка на основен буџет - 637, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Ревизијата има обврска да истакне дека се уште не е завршен судскиот спор РИ 1 бр.77/08 обелоденет во Конечниот ревизорски извештај од 26.03.2009 година и дека други судски спорови во кои МАНУ е тужена страна или тужител на ревизијата не и се презентирани.

**Македонска академија на науките и уметностите**
**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2013** | **2012** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 80.958 | 76.785 |
| **Вкупно приходи** | | **80.958** | **76.785** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 47.413 | 46.280 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 32.258 | 29.969 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 91 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **79.671** | **76.340** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 1.287 | 445 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.287** | **445** |
| **Отплата на главнина** | | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **80.958** | **76.785** |

**Македонска академија на науките и уметностите**
**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 7.306 | 9.711 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7.306** | **9.711** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 406.445 | 364.840 |
| **Вкупно постојани средства** | | **406.445** | **364.840** |
| **Вкупна актива** | | **413.751** | **374.551** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 3.394 | 5.790 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 3.912 | 3.921 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.306** | **9.711** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 406.445 | 364.840 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **406.445** | **364.840** |
| **Вкупна пасива** | | **413.751** | **374.551** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2013 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2013 година** | **364.840** | - | **364.840** |
| **Зголемување по основ на:** | - | **72.494** | **72.494** |
| Набавки | - | 72.494 | **72.494** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | - | **30.889** | **30.889** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | 30.889 | **30.889** |
| **Состојба 31.12.2013 година** | **364.840** | **41.605** | **406.445** |

Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2 , Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 2 3235-400; Факс: + 389 2 3235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 09.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 14 | 230/4 | | |

Бр. 02-609/1
Ск. 3.03.2015

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
____ 20__ год.
Потпис.
____

До
Државен завод за ревизија
М-р Тања Таневска, главен државен ревизор

Предмет: Доставување на одговор
Врска: Ваш Нацрт извештај бр. 14-230/3 од 03.02.2015 година

Почитувани,

Ве известуваме дека Извршниот одбор на Претседателството на Македонската академија на науките и уметностите се запозна со Нацрт извештајот бр. 14-230/3 од 03.02.2015 година и во целост го прифати. Ве известуваме дека до моментот на издавање на Нацрт извештајот се реализирани:

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.1.1. и 4.2.2. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637) и препораката која се однесува на наодот под реден број 4.2.1. дадена во Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски ивештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите на сметка на буџет на самофинансирачки активности (787);

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.4.3. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637);

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.1.2. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637);

– препораката која се однесува на наодот под реден број 4.3.2. дадена во Нацрт-извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите, сметка на основен буџет (637) и

– препораката која се однесува на наодот бр. 4.2.3, дадена во Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски ивештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година на Македонската академија на науките и уметностите на сметка на буџет на самофинансирачки активности (787).

Заради тоа, во прилог Ви доставуваме докази за реализација на препораките, со цел истите да бидат разгледани од Ваша страна и да бидат земени во предвид при издавањето на Конечниот извештај.

Со почит,

Претседател

Акад. Владо Камбовски

Изработил:
Лидија Симовска
Секретар на Секретаријат

Прилози: Барање за добивање согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација во работен однос на неопределено време бр. 04-398/1 од 16.02.2015 и Дополнување на барањето бр. 04-398/2 од 26.02.2015, Правилник за критериумите и начинот на исплата на средства од режиските трошоци од научнистражувчките и уметнички проекти финансирани од сметката на основен буџет, донесен од Извршниот одбор на Претседателството на МАНУ бр. 02-578/1 од 27.02.2015, Известување од Давид компјутери бр. 0302/898/15 од 2.03.2015, Извештај од извршениот попис на побарувања, обврски, парични средства и хартии од вредност во 2014 година бр. 02-557/1 од 26.02.2015 (со пропратна документација), Извештај од извршениот попис на основни средства, ивестиции во тек, ситен инвентар и материјали во 2014 година бр. 02-557/2 од 26.02.2015, Одлука за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основни средства, инвестиции во тек, ситен инвентар и материјали и за попис на побарувања, обврски, парични средства и хартии од вредност во 2014 година бр, 02-557/3 од 26.02.2015 година и Одлука за утврдување на цените на анализите кои не се наплатуваат од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, донесена од Претседателството на МАНУ бр. 02-2794/1 од 30.12.2014 година.

**Одговор**
**по известувања по**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Од Претседателот на Македонската академија на науките и уметностите на ден 09.03.2015 година добиен е одговор по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финасиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2013 година за сметка на основен буџет (637) со бр.02-609/1 од 03.03.2015 година, заведен во Државниот завод за ревизија под број 14-230/4.

Одговорот претставува известување за постапување по дадените препораки, истите се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и е констатирано следното:

1. Во врска со препораката која се однесува на констатациите дадени во **точката 4.1.1. и 4.2.2.,** кои се однесуваат на преземањена мерки и активности за соодветно пополнување на упразнетите и непополнетите работните места согласно актот за организација и систематизација и законската регулатива во РМ, а во функција на воспоставување на систем на интерни контроли, МАНУ **известува** за преземени мерки за надминување на утврдените состојби од дадените точки. Имено Претседателот на МАНУ има доставено барање и дополнување на барање до Министерство за финансии бр. 04-398/1 17.02.2015 година и бр. 04-398/2од 26.02.2015 година, за добивање на согласност за обезбедени финансиски средства за трансформација во работен однос на неопределено време на лица ангажирани преку авторски договор и договор на дело. Наведената состојба е обелоденета во Конечниот извештај, а препораката останува бидејќи сеуште не се надминати утврдените состојби.

2. Што се однесува до препораката на констатираните состојби во **точката 4.1.2**. за не пропишани политики и процедури за користење и пристап до ресурсите во информационите системи. Субјектот **известува** дека програмот за финансиско работење има опција за најава на корисници со можност за контрола на нивоа на пристап до податоците и евидентирањето на финансиските трансакции. Препораките остануваат зашто надлежните лица треба да имплементираат контроли за пристап до апликациите со дефинирани кориснички профили.

3. Во врска со препораката на констатациите во **точката 4.3.2.** која се однесува на не спроведување на годишниот попис (инвентарисувањето), во целост со одредбите од Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, субјектот **известува** за активностите кои ги има преземено за спроведувањето на тековниот попис со состојба на 31.12.2014 година, а со цел истиот да е целосно усогласен со Законот.

4. Во врска со препораката на **точка 4.4.3**. кој се однесува на начинот на исплата на средства за режиски трошоци од научноистражувачките и уметнички проекти финансирани од сметка на основен буџет. Од страна на МАНУ преземени се мерки за надминување утврдените состојби. Имено, Извршниот одбор на Претседателството на МАНУ на 27.02.2015 година, има донесено Правилник за критериумите и начинот на исплата на средства од режиските трошоци од научноистражувачките и уметнички проекти финансирани од сметката на основен буџет со бр.02-578/1, од тие причини препораката соодветно се менува.